Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ОПШТИНА АРАЧИНОВО - KOMUNA E HARAÇINËS
УПРАВНИ ОРГАНИ - ORGANET DREJTUESE
Бр.-Nr. 13-807/2
26.12. 2024 год. vitit
АРАЧИНОВО-HARAÇINË

Друштво за градежништво, трговија и услуги
ЕЛИН-БИЛД КОМПАНИ ДООЕЛ
Бр. 0307-67/24
26 12 2024 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОР
ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА РАБОТИ[1]

I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

А. ОПШТИНА АРАЧИНОВО, со седиште на адреса: ул.1 бр.2 с.Арачиново, Скопје, РСМ
(Назив, адреса, седиште и држава),

застапуван/о од градоначалникот Ridvan Ibraimi

Б. Друштво за градежништво, трговија и услуги ЕЛИН-БИЛД КОМПАНИ ДООЕЛ Скопје
(назив, адреса, седиште и држава)

застапуван(о) од Управителот Шабан Абазовски
(во понатамошниот текст „Носител на набавката“) од друга страна.

Член 1

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со атмосферска канализациона мрежа во населено место Арачиново ул.14

II. ДЕФИНИЦИИ (ОБЈАСНУВАЊЕ НА ПОИМИТЕ)

Член 2

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следното значење :

1) **„Договорен орган“** е субјект дефиниран во член 9 став 1 точки а), б), в), г) и д) од Законот за јавните набавки;

2) **„Носител на набавката“** е понудувач или група на понудувачи чија понуда е избрана за најповолна и со кој/и е склучен договорот за јавна набавка;

3) **„Договор за јавна набавка на работи“** е договор за јавна набавка чиј предмет е:
а) изведување или проектирање и изведување работи поврзани со една или повеќе градежни активности;
б) изведување градба или проектирање и изведување градба и
в) реализација на градба со какви било средства, според барањата на договорниот орган, кој има одлучувачко влијание на видот или дизајнот на градбата;

4) **„Понуда на Носителот на набавката“** е комлетирана понудбена документација поднесена од Носителот на набавката до Договорниот орган.

5) **„Договорна цена“** е цената која ја побарува Носителот на набавката во својата понудата која во согласност со критериумите наведени во тендерската документација била избрана за најповолна и во која се засметани сите трошоци и попусти на вкупната цена на понудата;

---

[1] *Напомена овој Модел на договор, договорниот орган може да го менува и прилагодува во зависност од предметот на набавка*

6) **„Надзор над изградбата“** е правно лице кое е регистрирано во Централниот регистар за вршење на соодветна дејност и кое поседува лиценца за надзор, назначено за вршење на надзор на изградбата од страна на Договорниот орган, а за што Носителот на набавката е писмено известен.

7) "**Надзорен инженер**" е физичко лице назначено од страна на Надзорот над изградбата да врши надзор над изградбата на градбата и кое има соодветно овластување за надзорен инженер.

8) "**Инженер за изведба**" е физичко лице со соодветна техничка струка определено од страна на Носителот на набавката да раководи со изградбата на градбата и е одговорен за исполнување на обврските утврдени со овој договор и со закон и кое има соодветно овластување за инженер за изведба.

9) **„Градба“** е се што настанало со изградба и е поврзано со земјиштето, а претставува физичка, техничко-технолошка и градежна целина заедно со изградените инсталации, односно, опрема. Градбата се до нејзиното запишување во јавната книга на недвижности претставува прираст ок и припадок на земјиштето.

10) **„Градење“** е изведување на претходни работи, изработка на проектна документација, вршење на подготвителни работи, изградба на нова градба, доградба и надградба на постојна градба, реконструкција и адаптација на постојна градба што опфаќа: земјени работи, изведување на градежна конструкција, вршење на градежно- инсталатерски работи и градежно-завршни работи, вградување постројки или опрема и други работи со кои се оформува целината на градбата.

11) **„Реконструкција“** е изведување на работи во рамките на постојниот габарит на објект со кои се влијае врз исполнувањето на основните барања за градбата и со кои се менува усогласеноста на градбата со проектот според кој е изградена, со менување на фасада, промена на технолошкиот процес и на инсталацијата, санација и замена на конструктивни елементи и слично односно изведување работи на инфаструктурни објекти со кои се влијае врз исполнувањето на основните барања на градбата и со кои се менува усогласеноста на градбата со проектот според кој е изградена;.

12) **„Адаптација“** е изведување на градежни и други работи на постоен објект со кои се врши промена на организацијта на просторот во објектот, се врши замена на уреди, постројки, опрема и инсталацијата од ист капацитет, а со кои не се влијае на стабилноста и сигурноста на објектот, не се менуваат конструктивните елементи, не се менува надворешниот изглед и не се влијае на безбедноста на соседните објекти, сообраќајот и заштита од пожари и животната средина.

13) **„Надградба“** е изведување на работи на постоен објект со кои се влијае на основните елементи според кои е изграден објектот, а посебно на конструкцијата во висина, со изградба на нови етажи до максимално дозволената висина со урбанистичкиот план при што може да се влијае на конструктивниот систем во рамките на постојните габарити на основата;

14) **„Доградба“** е изведување на работи на постоен објект со изградба на нова површина надвор од габаритот на постојниот објект, до максимално дозволената површина предвидена со урбанистичкиот план, при што може да се влијае на конструктивниот систем на постојниот објект;

15) **„Употреба на градежен објект“** е вршење активности во градежен објект согласно со неговата намена утврдена со решението за локациски услови и основниот проект.

16) **„Одржување на градежен објект“** е изведување на работи заради зачувување на основните барања на објектот во текот на неговото употребување.

17) **„Градежен производ“** е производ кој е произведен за трајно вградување во градби, за кој е добиена позитивна техничка оцена дека производот е соодветен за употреба за предвидена намена.

18) **„Постројка“** е збир на поврзана опрема која служи за остварување на технолошкиот или друг процес согласно со намената за градбата.

19) **„Опрема“** се поединечни уреди, процесни инсталации и други производи од кои се состои постројката или самостојно се вградени во градбата и служат за технолошкиот или друг процес, согласно со намената за градбата.

20) **„Претходни работи“** се работи кои, во зависност од видот и карактерот на градбата, опфаќаат истражување и изработка на анализи и други стручни материјали, прибавување на податоци со кои се анализираат геолошките, геотехничките, геодетските, хидролошките, метеоролошките, урбанистичките, техничките, технолошките, економските, енергетските, сеизмичките, водостопанските и сообраќајните услови, услови за заштита од пожари и заштита на животната средина, како и други услови предвидени со закон.

21) **„Проектна документација“** претставува севкупност на меѓусебно усогласени студии, проекти, елаборати, анализи, експертизи и друга документација, со која се утврдува концепцијата и се дефинира техничкото решение на градбата, се разработуваат условите и начините на изградбата и се обезбедуваат нејзината технолошка функција, предвидената трајност и услови за употреба.

22) **„Подготвителни работи“** се работи на изведување на привремени градби и други активности за организирање и уредување на градилиштето, како и овозможување на примена на соодветни градежни и технолошки работи;.

23) **„Градилиште“**е ограден простор на кој се изведуваат работи на градење, доградба, надградба, реконструкција, адаптација, одржување и отстранување на градба, како и привремено зафатениот простор потребен за примена на соодветни градежни технологии.

24) **„Отстранување“** е изведување на работи на уривање или на демонтирање на градба, градежен објект или нивни делови, на собирање и транспорт на градежниот материјал и отпад создаден со уривањето, односно со демонтирањето на градбата и на соодветно уредување на земјиштето.

25) **„Градежен Дневник“** е документ во кој се запишуваат активностите кои се изведуваат на градилиштето во текот на извршувањето на градежните работи и истиот се води секој ден од започнувањето до завршувањето на изградбата, и во кој се внесуваат, како минимум, следните податоци: датумот, работното време, временските услови, податоци за стручната и техничка ангажираност со број на работни лица по квалификации, ангажираните градежни машини и

транспортни средства, запис на Носителот на набавката , видот, количината, начинот на изведените работи, нивната диспозиција, податоци за количините, квалитетот на примени и вградени градежни материјали, сите промени настанати во текот на градењето во документацијата и на учесниците во градењето, запис на надзорниот инженер, проектантскиот надзор и надлежниот инспектор и сл.

26) **„Градежна книга"** е документ кој што се води на градилиштето од започнувањето до завршувањето на изградбата и кој, содржи периодични податоци за изведените работи по: количини, видот на материјали, градежни производи и опрема кои се вградени во градбата и се основ за изготвување на времената ситуација - финансиски документ во која се прикажуваат изведените работи по единечна цена, единечна мерка - количина и вкупна цена по позиции..

27) **„Предмер-пресметка"** значи комлетна Предмер-пресметка со единечни цени по ставки од понуда која е избрана како најповолна во постапката односно предмер-пресметка со единечни цени по ставки, пресметани по процентуално намалување на единечните цени од првично доставената понуда на Носителот на набавката сразмерно на вредноста постигната по електронската аукција

28) **„Денови"** се календарски денови; месеци се календарски месеци.

29) **„Недостаток"** е било кој дел од работите кој не е комлетиран во согласност со Договорот.

30) **„Техничка документација"** се урбанистичките, геодетските, хидро-геолошките и геомеханички подлоги, проектите со неопходните описи, пресметки графички прилози, посебните елаборати и актите со кои се утврдуваат и разработуваат условите за изградба на објектот, условите и начинот на градбата на објектот, како и услови пропишани со закон и прописи донесени врз основа на закон.

31) **„Документација на градилиште"** е документација која Носителот на набавката на градба на градилиштето е должен да ја има и се состои од: решение за упис во Централниот регистар и соодветна лиценца издадена согласно закон; потврда за определен инженер за изведба и надзорен инженер на градилиштето; одобрение за градење со основен проект; извештај за извршена ревизија од ревидентот; градежен дневник и градежна книга; доказ за пропишан квалитет за вградените градежни производи, како и докази за потекло на градежно – техничкиот камен, градежниот песок и чакал; елаборат за заштита при работа; мислење за проектираниот степен на механичка отпорност, стабилност и сезимичка заштита на градбата, мислење за изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сезимичка заштита на градбата во текот на изградбата и мислење за изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сезимичка заштита на градбата по изградба на целиот конструктивен систем на градбата; комплетни податоци за учесниците во изградбата и друга документација ако со друг закон е пропишана обврска дека Носителот на набавката треба да ја има на градилиштето.

32) **„Подизведувач"** е правно или физичко лице кое за понудувачот, со кој договорниот орган склучил договор за јавна набавка или рамковна спогодба, изведува работи што се директно поврзани со извршувањето на договорот или рамковната спогодба.

33) **„Вишоци на работи"** се количини на изведени работи што ги преминуваат договорените количини на работи.

34) **„Кусоци на работи"** се негативни отстапувања на изведените работи во однос на договорените количини на работи.

35) **„Непредвидени работи"** се оние работи кои треба нужно да се изведат поради осигурување на стабилноста на градбата, спречување на опасности по животот и здравјето на луѓето, околината, природата, другите градби и предмети и стабилноста на тлото на околното земјиште, а е предизвикана од вонредни околности, односно поради спречување на настанување штета во наведените случаи, односно по наредба на надлежните државни органи.

36) **„Примерен рок"** е рокот во кој по редовен тек на нештата може да се изврши обврската што е во прашање во конкретниот случај.

37) **„Идеен проект"** е збир на меѓусебно усогласени графички прикази и документи со кои се утврдуваат основните облици, функционални и технички решенија на градбата и се прикажува поставеноста на градбата во локацијата и истиот се изработува врз основа на изводот од урбанистичкиот план, планската документација, односно проектот за инфраструктура.

38) **„Основен проект"** е збир на меѓусебно усогласени проекти со кои се дава техничко решение на градбата, се прикажува поставеноста на градбата во локацијата и исполнувањето на основните барања за градбата и истиот се изработува врз основа на извод од детален урбанистички план или урбанистички план за вон населено место или урбанистички план за село или државна односно локална урбанистичка планска документација, а за линиските инфраструктурни градби врз основа на проект за инфраструктура изработен согласно со закон.

39) **„Проект на изведена состојба"** е проект со кој што се прикажува фактичката состојба на изградената градба. Проектот на изведена состојба го изготвува правно лице со лиценца за проектирање. и служи како основа за изработка на проектот за употреба и одржување.

40) **„Проект за употреба и одржување"** е проект со кој се утврдуваат оптималните техничко- технолошки и функционални услови со кои се обезбедува проектираната трајност на одделни делови, односно на градбата во целина и содржи особено: вид, начин, намена и рокови на периодична проверка во утврдени интервали, на состојбата на конструктивниот систем, опрема, уреди и инсталации; периодично следење во утврдени интервали со анализа на влијанијата на технолошкиот процес, на климатски влијанија, односно влијанија на околната средина врз носивоста и стабилноста на одделни елементи, односно конструкцијата во целина; роковите за тековен, односно генерален ремонт на постројки, уреди, опрема и инсталации, како и роковите за задолжителна замена на одделни елементи, делови, уреди, опрема, инсталации и други делови на градбата.

41) **„Воведување на Носителот на набавката во работа"** е исполнување на оние обврски на Договорниот орган без чие претходно исполнување започнувањето на работите фактички не е можно или правно не е дозволено.

III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Предмет на овој Договор е набавка на работи атмосферска канализациона мрежа во населено место Арачиново ул.14, согласно прифатената Понуда, на понудувачот Друштво за

градежништво, трговија и услуги ЕЛИН-БИЛД КОМПАНИ ДООЕЛ Скопје, и техничките спецификации од тендерската документација, кои се составен дел од овој Договор.

Предметот на овој Договор е во согласност со одлуката за јавна набавка број **13-807** од 14.11.2024 година, по спроведена поедноставена отворена постапка со објавување на оглас за јавна набавка број **19304/2024** година, објавена на ВЕБ страната на Бирото за јавни набавки на ден 14.11.2024 година и Одлуката за избор на најповолна понуда број 13-807/1 од 10.12.2024 година.

Член 4

Работите од член 3 на овој Договор треба да се изведат согласно одобрениот проект, описите и количините од Предмер-пресметката како и важечките прописи, правила и стандарди.

IV. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

V. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Цена

Член 6

Вкупната цена на работите наведени во член 3 од овој договор, изнесува 4.342.381,36 денари без ДДВ. Вкупниот износ на ДДВ изнесува 781.628,64 денари.

Во вкупната цена се засметани сите трошоци и попусти, а вредноста на ДДВ е искажана посебно.

Член 7

Единечните цени за поодделните фази и/или позиции од договорените работи се дадени во понудата на Носителот на набавката, односно, Предмер-пресметката, која е составен дел на овој Договор.

Во единечните цени се вкалкулирани сите трошоци за работа, материјал, транспортни трошоци, монтажа, даночни обврски, добивка и сите други трошоци и помошни работи кои се потребни за формирање на цената.

Член 8

Конечната вредност на работите ќе се утврди со конечна пресметка која се врши по примопредавањето на изведените работи. Конечната пресметка се изготвува веднаш по извршеното примопредавање, и истата се завршува во рок од 10 дена од денот на примопредавањето.

Член 9

Со конечната пресметка се опфаќаат сите работи изведени врз основа на договорот, вклучувајќи ги и непредвидените и дополнителните работи што Носителот на набавката бил должен да ги изведе.

Член 10

Конечната пресметка особено содржи:

1) вкупна вредност на изведените работи според Предмер-пресметката;

2) износ исплатен по основ на ситуации;

3) конечен износ што Носителот на набавката треба да го прими или врати по неспорниот дел на пресметката;

4) износ на цената што Договорниот орган го задржува за отстранување на недостатоци;

5) податокот дали објектот е завршен во договорениот рок, а ако не е, колку изнесува пречекорувањето на рокот;

6) податок за тоа дали Договорниот орган, по кој основ и во кој износ бара наплата на договорната казна односно надоместок на штета, како и нивни оспорени и неоспорени износи;

7) вкупен износ на цената на реално изведените работи;

8) податоци за другите факти за кои не е постигната согласност на овластените претставници на договарачите.

Член 11

Ако Договорниот орган без оправдана причина го одбие учеството во конечната пресметка или го одложува своето учество во изработката на пресметката, Носителот на набавката може самиот да изврши пресметка и за тоа да го извести Договорниот орган. Тоа право му припаѓа и на Договорниот орган.

Член 12

Секоја договорна страна ги поднесува трошоците на своето учество во изработката на конечната пресметка.

VI. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ, КАЗНЕНА КАМАТА

Член 13

Плаќањето на работите кои се предмет на овој Договор, ќе се врши преку потпишани и заверени времени ситуации и конечна ситуација.

Член 14

Времените месесечни ситуации ги изготвува Носителот на набавката во согласност со градежната книга за период од еден месец.

Времената месечна ситуација Носителот на набавката е должен да ја достави до Договорниот орган до 10ти во месецот, за работи изведени во претходниот месец, во 6 примероци, а на основа на градежната книга која надзорниот инженер е должен да ја потпише до крај на месецот за кој се однесуваат изведените работи.

Конечната ситуација (конечна пресметка) Носителот на набавката ја доставува во рок од 10 дена по извршеното записничко примопредавање на изведените работи, односно откако ја предал целокупната пропишана документација и атести, и ги отстранил сите недостатоци утврдени при техничкиот преглед на градбата.

Член 15

Договорниот орган е должен да ги исплати времените месечни ситуации поднесени од Носителот на набавката во рок од 60 дена од денот на приемот на истите, а конечната пресметка во рок од 60 дена од денот на приемот.

Ако Договорниот орган оспори дел од примената ситуација, неспорниот износ се плаќа во рокот од ставот 1 на овој член.

Член 16

Договорниот орган има право да задржи сразмерен дел од цената за отстранување на недостатоците утврдени при примопредавањето на работите.

Член 17

Задржаниот дел од цената Договорниот орган може да го употреби за остранување на недостатоците на изведените работи, ако Носителот на набавката на писмена покана од Договорниот орган не ги отстрани тие недостатоци во примерениот рок од 10 дена.[2]

Член 18

Задржаниот износ, односно, неговиот непотрошен дел Договорниот орган му го исплатува на Носителот на набавката во рок од 8 дена од денот на примопредавањето на работите, односно, веднаш по отстранувањето на недостатоците утврдени при примопредавањето.

VII. КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНИ

Член 19

При реализација на договорот не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

VIII. УСЛОВИ ЗА ИСПЛАТА НА АВАНС[3]

Член 20

Не е предвидено авансно плаќање.

IX. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 21

Договорот се склучува за период од 8 месеци (се наведува временскиот период на кој се склучува Договорот) сметајќи од денот на склучувањето.

X. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Член 22

Носителот на набавката е должен сите работи предвидени во член 3 од овој Договор да ги заврши во рок од 6 месеци, сметано од наредниот ден од денот на воведување во работа на Носителот на набавката.[4]

Носителот на набавката изведувањето на сите работи предвидени во член 3 од овој Договор ќе ги врши во согласност со динамичниот план за изведување на работите.

Носителот на набавката му доставува на Договорниот орган, детален Динамичен план за изведување на работите, поделен по активности и месеци, во рок од 15 дена од потпишувањето на договорот. Овој план ги вклучува најмалку следниве информации:

---

[2] *Примерениот рок за отстранување на недостатоците се превзема од Тендерската документација.*

[3] *Доколку во тендерската документација било предвидено авансно плаќање, во спротивно се брише*

[4] *Рокот за изведување на работите се превзема од понудата на Носителот на набавката.*

а) редоследот и временските рокови во кои Носителот на набавката предлага да се изведат работите;

б) временските рокови во кои е потребно поднесување и одобрување на изведбените цртежи;

в) организациона шема која ги содржи имињата, квалификациите и кратка биографија (CV) на персоналот одговорен на градилиштето,

г) општ опис на методите на работа (Method statement), вклучувајќи го редоследот, по месеци и по природа, што Носителот на набавката ги предлага за извршување на работите;

д) план за мобилизација и организација на градилиштето и

ѓ) дополнителни детали и информации што може разумно да ги бара Договорниот орган/Надзорот над изградбата.

Договорниот орган ќе му ги врати овие документи на Носителот на набавката со негово одобрение или со релевантни забелешки, во рок од 10 (десет) дена од приемот, освен кога Договорниот орган во тие 10 (десет) дена ќе го извести Носителот на набавката за потребата од одржување на состанок.

Доколку Договорниот орган не го извести Носителот на набавката за својата одлука или за забелешките кои ги има или не побара состанок во овој рок, поднесениот план се смета за одобрен.

Одобрувањето на планот од страна на Договорниот орган нема да го ослободи Носителот на набавката од која било од неговите обврски според договорот.

Член 23

Договорниот орган ќе го воведе Носителот на набавката во работа во рок од 5 дена по склучување на овој договор.[5]

Член 24

Ако Носителот на набавката не ги започне работите веднаш по воведувањето во работата, Договорниот орган ќе му остави дополнителен примерен рок од 5 дена за започнување на работите.[6]

Ако Носителот на набавката ниту во рок од став 1 на овој член, не започне со изведување на работите, Договорниот орган може да го раскине договорот и да бара од Носителот на набавката надомест на штета и да ја наплати банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на Договорот.

Член 25

Ако постои оправдано сомневање дека работите ќе бидат изведени во договорениот рок, Договорниот орган има право да побара од Носителот на набавката да превземе потребни мерки со кои се обезбедува соодветно забрзување на работите и нивно усогласување со динамичниот план за изведување на работите.

Член 26

Ако Договорниот орган изведувањето на работите им го доделил на двајца или поголем број изведувачи на ист објект, должен е да ја координира работата на тие изведувачи во поглед на роковите за извршување на тие работи.

Член 27

---

5 *Рокот за воведување на Носителот на набавката во работата се превзема од Тендерската документација.*

6 *Примерен рок за започнување на работите се превзема од Тендерската документација.*

Носителот на набавката има право да бара продолжување на рокот за изведување на работите во случај на непредвидени околности кои како искусен изведувач не можел да ги предвиди или поради неисполнување на обврските од Договорниот орган бил спречен да ги изведува работите, и доколку поради нив неопходно е да се продолжи рокот.

Продолжувањето на рокот се определува според траењето на пречката, со тоа што рокот се продолжува и за времето потребно за повторното започнување на работите и за евентуалното поместување на работите во понеповолно годишно време.

Како причини, поради кои, во смисла на став 1 од овој член, може да се бара продолжување на роковите, се сметаат особено:

1) природни настани (пожар, поплава, земјотрес, исклучително лошо време, невообичаено за годишното време и за местото на кое се изведуваат работите и сл.);

2) мерките предвидени со акти на надлежните органи;

3) услови за изведување на работите во земја или во вода, што не се предвидени со проектната документација;

4) задоцнување на воведувањето на Носителот на набавката во работата;

5) неисполнувањето или неуредното исполнување на обврските на Договорниот орган како што се отстранување на недостатоци во проектната документација врз основа која се изведуваат работите, исплатата на аванс и исплатата на времена ситуација;

6) задоцнување во испораката на опрема, ако опремата ја набавува Договорниот орган или ја испорачува лице кое го определил Договорниот орган.

Член 28

Носителот на набавката е должен барањето за продолжување на рокот да го поднесе истовремено до Договорниот орган и Надзорот над изградбата штом ќе дознае за причината поради која рокот може да се продолжи, но не подоцна од 10 дена од денот кога дознал за причината поради која може да бара продолжување на рокот.

Носителот на набавката во барањето ќе ги наведе причините поради кои бара продолжување на рокот, образложение дека истите не се настанати по негова вина, очекуваните последици од нив, мерките кои ги презема или ќе ги преземе за нивно ублажување или отстранување, и очекуван период на доцнење односно пречки во изведувањето на работите.

По приемот на барањето, Договорниот орган и/или Надзорот над изградбата може, меѓу другото:

а) да побара од Носителот на набавката да обезбеди проценка на трошоците за мерките што ги презема или има намера да ги преземе;

б) да ги одобри предвидените мерки, со или без измена;

в) да даде писмени упатства/насоки како да се постапи во конкретниот случај;

г) да побара измена или раскинување на договорот.

XI. ДОГОВОРНА КАЗНА

Член 29

Договорниот орган и Носителот на набавката се согласни Носителот на набавката да му плати на Договорниот орган определен паричен износ (договорна казна), ако:

- *не ја исполни својата обврска,*
- *задоцни со нејзиното исполнување или*
- *неуредно ја исполни.*

Член 30

Договорната казна изнесува 0,1% од вкупната договорена цена на работите за секој ден задоцнување ако работите не се завршат во предвидениот рок, со тоа што износот на така определената договорна казна не може да премине 5% од вкупната цена на работите.

Член 31

Договорната казна се пресметува до примопредавањето на објектот, односно на дел од објектот што претставува економско-техничка целина и може да се користи самостојно.

Ако Договорниот орган го започнал користењето на објектот или на дел од објектот пред примопредавањето, договорната казна се пресметува до почетокот на користењето.

Член 32

Барањето за остварување на правото на договорна казна може да се истакне најдоцна до завршетокот на конечната пресметка.

Член 33

Кога казната е договорена за случај на неисполнување на обврската, Договорниот орган може да бара или исполнување на обврската или договорна казна.

Договорниот орган го губи правото да бара исполнување на обврската ако побарал исплата на договорната казна.

Кога казната е договорена за случај да се задоцни со извршување на обврската или истата неуредно е исполнета, Договорниот орган може да бара и исполнување на обврската и договорна казна.

Член 34

Договорниот орган има право да бара договорна казна и кога нејзиниот износ ја надминува висината на штетата што ја претрпел, како и кога не претрпел никаква штета.

Ако штетата што ја претрпел Договорниот орган е поголема од износот на договорната казна, тој има право да бара разлика до целосниот надомест на штетата.

XII. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 35

Носителот на набавката е должен работите од член 1 на овој Договор да ги изведе на начин и во роковите што се определени со овој Договор, и согласно стандардите, прописите и правилата на струката.

За изведување на работите предмет на овој договор, Носителот на набавката се обврзува да ги обезбеди навремено сите потребни материјали, опрема, постројки и останати работи од привремена или трајна природа, како и доволен број на стручни, квалификувани и овластени лица, потребни за отстранување на недостатоците и успешно и навремено завршување на работите, за што се обврзал со понудата која е составен дел на овој договор.

Член 36

Носителот на набавката е должен навремено и детално да ја проучи проектната документација врз основа на која се изведуваат договорените работи и од Договорниот орган навремено да побара објаснение за недоволно јасните детали.

Член 37

Носителот на набавката нема право да ја менува проектната документација.

Ако воочи недостатоци во проектната документација или смета дека таа документација треба да се менува заради нејзино подобрување или од други причини, Носителот на набавката е должен за тоа навремено да го извести Договорниот орган.

Ако воочените недостатоци во проектната документација ја загрозуваат сигурноста на објектот, животот или здравјето на луѓето, сообраќајот или соседните објекти, до отстранувањето на недостатоците Носителот на набавката ќе го запре изведувањето на работите и ќе преземе мерки за отстранување на недостатоците.

Член 38

Носителот на набавката е должен да определи инженери за изведба по фази и главен инженер за изведба кои ќе раководат со изградбата на градбата и кои ќе бидат одговорни за исполнување на обврските во согласност со овој договор.

Носителот на набавката е должен на објектот да води градежен дневник и градежна книга кои ќе бидат потпишани од назначениот надзорен инженер, како и документација со која се докажува квалитетот и сообразноста на градежните материјали и опрема и нивна усогласеност со важечките прописи во државата, и истите е должен да ги чува до предавањето на работите.

Носителот на набавката ги води Градежната книга и Градежниот денвник во оргинал и копија, при што оригиналот е за Надзорот над изградбата, а копијата останува за Носителот на набавката.

Градежната Книга и Градежниот дневник во секој момент треба да бидат на располагање на Надзорот над изградбата за преглед, коментари, корекции и потпис.

Носителот на набавката е должен со конечната пресметка, да му ги достави на Договорниот орган сите потребни докази за сообразност на вградениот материјал и опрема, градежен дневник и градежна книга, како и сите заверени гарантни листови на инсталираната опрема и упатства за употреба на инсталираната опрема.

Записите во градежниот дневник што не се во согласност со одредбите од договорот или со овластувањата на надзорниот инженер и инженерот за изведба, како и на претставникот на Договорниот орган, не создаваат обврски за договорните страни.

Член 39

Ако при изведувањето на договорените работи е предвидено Носителот на набавката да вградува определена опрема и материјали што ги набавува Договорниот орган, Носителот на набавката е должен материјалите и опремата што ќе ги прими од Договорниот орган да ги складира, чува и одржува до вградувањето.

Член 40

Трошоците за складирањето, чувањето и одржувањето на примените материјали и опрема ги поднесува Носителот на набавката.

Трошоците од став 1 на овој член, ги поднесува Договорниот орган ако материјалите и опремата му ги предал на Носителот на набавката пред рокот определен со договорената динамика за изведување на работите.

Член 41

Носителот на набавката е должен на градилиштето да презема мерки заради обезбедување на сигурноста на објектот и на работите, опремата, уредите и инсталациите, работниците, минувачите, сообраќајот, соседните објекти и околината.

Ако на исто градилиште работи изведуваат истовремено повеќе изведувачи, секој изведувач презема мерки на заштита и ја обезбедува сигурноста на работите што тој ги изведува.

Трошоците за спроведување на мерките од став 1 и 2 на овој член, ги поднесува Носителот на набавката што ги презема тие мерки.

Носителот на набавката презема целосна одговорност за соодветноста, стабилноста и безбедноста на сите операции и методи на изведба на работите доделени врз основа на овој договор.

Носителот на набавката е должен да обезбеди докази за пропишан квалитет за вградените градежни производи и опремата.

Носителот на набавката е должен договорените работи да ги извршува стручно, солидно, квалитетно и совесно според важечките технички прописи, нормативите и задолжителните стандарди кои важат за изведувањето на овој вид работи, постапувајќи како добар стопанственик.

Носителот на набавката е должен да му овозможи на Договорниот орган и на Надзорот над изградбата постојан надзор над изградбата на градбата.

Носителот на набавката е должен да обезбеди доказ за потекло на градежно технички камен, градежен песок и чакал (договор за купопродажба, фактура, сметкопотврда и сл.)

Носителот на набавката е должен да соработува со назначените надзорни инженери и со главниот надзорен инженер.

Член 42

Од почетокот на изведувањето до предавањето на работите на Договорниот орган, Носителот на набавката на погоден начин ги обезбедува и чува изведените работи, опрема и материјали од оштетување, пропаѓање, однесување или уништување.

Ако на исто градилиште работи изведуваат повеќе изведувачи секој од нив ги обезбедува и чува своите работи, опрема и материјали. Носителот на набавката ги поднесува трошоците на обезбедувањето и чувањето на изведените работи, опрема и материјали и на ризикот на нивното оштетување, уништување, однесување и пропаѓање.

Носителот на набавката е должен да ги санира веднаш а најдоцна во рок до 24 часа сите оштетувања кои би се направиле во текот на работењето на водоводната мрежа, канализационата мрежа, електричната мрежа, оптичка мрежа и тн.

Член 43

По завршените работи, односно, по раскинувањето на договорот, Носителот на набавката е должен од градилиштето да ги повлече своите работници, да ги отстрани преостанатите материјали, опрема и средства за работа, како и привремените објекти што ги изградил и да го исчисти објектот и градилиштето.

Трошоците настанати во врска со работите од став 1 на овој член, извршени по завршетокот на договорените работи, ги поднесува Носителот на набавката.

Трошоците настанати во врска со работите од став 1 на овој член, извршени во случај на раскинување на Договорот, ги поднесува договорната страна што е одговорна за раскинување на Договорот.

XIII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 44

Договорниот орган е должен да ги отстрани сите постоечки проблеми во предвидениот рок до воведување на Носителот на набавката во работа со што би се овозможило несметано изведување на работите.

Член 45

Договорниот орган е должен, по склучувањето на Договорот, да го воведе Носителот на набавката во работа.

Воведувањето на Носителот на набавката во работа опфаќа, особено:

1) предавање на градилиштето, под кое, зависно од предметот на Договорот, се подразбира:

- *обезбедување и предавање на парцелата или на дел од парцелата на која ќе се изведуваат договорените работи, со обележани линии, оски и височински точки на Носителот на набавката;*

- *обезбедување на право на пристап на градилиштето за Носителот на набавката;*

2) предавање на проектната документација за изведување на работите во потребен број примероци на Носителот на набавката;

3) предавање на одобрение за градење на Носителот на набавката;

За воведувањето на Носителот на набавката во работа се составува посебен записник и тоа се констатира во градежниот дневник.

Датумот на воведувањето во работа се констатира во градежниот дневник.

Член 46

Договорниот орган соработува со Носителот на набавката со цел да му обезбеди информации кои му се неопходни за успешно извршување на договорот.

Цртежите, спецификациите и другите документи обезбедени од Договорниот орган нема да се користат или доставуваат до трето лице од страна на Носителот на набавката без претходна согласност на Договорниот орган, освен во слаучаите кога тоа е неопходно за целите на договорот.

Член 47

Договорниот орган е должен пред започнување на работите да именува свој Надзор над изградбата и со писмо да го извести Носителот на набавката за тоа.

Член 48

Договорниот орган е должен, на писмено барање на Носителот на набавката, да обезбеди технички преглед на објектот.

Во случај Договорниот орган да пушти во употреба некои делови од објектот или целиот објект, пред да биде извршен технички преглед, ќе се смета дека објектот е примен од страна на Договорниот орган.

Од денот кога ќе започне да се користи објектот од страна на Договорниот орган престануваат сите обврски на Носителот на набавката во поглед на чување на извршените работи, а гарантниот рок почнува да се смета од денот кога е започнато ваквото користење.

XIV. ПОДИЗВЕДУВАЊЕ И ПОДИЗВЕДУВАЧИ

Член 49

Носителот на набавката може изведувањето на одделни договорени работи да му го отстапи на трето лице (подизведувач).

Носителот на набавката може за време на извршувањето на договорот за јавна набавка, до Договорниот орган да достави барање со предлог за:

- промена на подизведувачите за оној дел од договорот за јавна набавка кој претходно го отстапил на подизведувачи,

- воведување еден или повеќе нови подизведувачи чиј вкупен удел не смее да надмине 30% од вредноста на договорот за јавна набавка без вклучен ДДВ, без оглед дали претходно отстапил дел од договорот на подизведувачи или не,

- преземање на извршувањето на дел од договорот за јавна набавка кој претходно го дал на подизведувач.

Во случај на вклучување на нов/и подизведувач/и Носителот на набавката, заедно со барањето до инвеститорот, е должен меѓу другото, да ги обезбеди податоците и документите барани во точка _____ од тендерската документација.

Доколку подизведувачот не бара директно плаќање, Носителот на набавката е должен да го извести инвеститорот најдоцна 60 (шеесет) дена по исплатата на фактурата од страна на инвеститорот по пат на писмена изјава како и писмена изјава од подизведувачот дека подизведувачот ја добил исплата на средства за работите поврзани со предметот на договорот за јавна набавка.

Член 50

Договорниот орган ќе го одбие предлогот за замена на подизведувач, односно вклучување нов подизведувач, доколку тоа може да влијае на непреченото изведување или завршување на работите и за истото ќе го извести Носителот на набавката.

Отстапувањето на работите на трето лице (подизведувач) се врши во согласност со одредбите за подизведување од Законот за јавните набавки.

Отстапувањето на работите на трето лице (подизведувач) нема влијание врз правните односи и меѓусебните права и обврски на Договорниот орган и Носителот на набавката.

XV. УСЛОВИ ЗА КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

Член 51

Носителот на набавката е должен, согласно правилата на струката, да ја испита правилноста на техничките решенија во проектната документација и да го предупреди Договорниот орган за грешките што ќе ги забележи.

Член 52

Носителот на набавката е должен во објектот да вградува материјали и опрема што му одговараат на пропишаниот или договорениот квалитет. Ако е потребно Носителот на набавката е должен да изврши соодветно испитување на материјалите/опремата.

Ако методите за испитување на материјалите/опремата не се определени со проектната документација или со техничките прописи, ги определува Носителот на набавката во соработка со Договорниот орган.

Трошоците за испитување на материјалите ги поднесува Носителот на набавката.

Член 53

Носителот на набавката е должен да го предупреди Договорниот орган за воочените или утврдените недостатоци на материјалите и опремата што се предвидени во проектната документација, како и материјалите и опремата што ги набавил или избрал Договорниот орган.

Материјалите и опремата од став 1 на овој член, Носителот на набавката може да ги вградува само ако Договорниот орган, откако Носителот на набавката го предупредил за недостатоците, бара да се вградат и ако вградувањето на тие материјали и опрема не ја загрозува стабилноста на објектот, животите на луѓето, соседните објекти, сообраќајот и околината.

Носителот на набавката е должен да го предупреди Договорниот орган за воочените или утврдени недостатоци на материјалите и опремата што се предвидени со техничката документација, како и материјалите и опремата што ги набавил или избрал Договорниот орган.

Материјалите и опремата од став 1 на овој член, Носителот на набавката може да ги вградува само ако Договорниот орган, откако Носителот на набавката го предупредил за недостатоците, бара да се вградат и ако вградувањето на тие материјали и опрема не ја загрозува стабилноста на објектот, животите на луѓето, соседните објекти, сообраќајот и околината.

Член 54

Носителот на набавката е одговорен за употреба на материјалите и опремата што не му одговараат на договорениот или пропишаниот квалитет, освен во случај од став 2 на член 53 на овој Договор.

Член 55

Ако Носителот на набавката не ги изведува работите согласно условите утврдени во тендерската документација и овој договор, проектната документација, техничките прописи и стандарди, како и според резултатите од сопственото испитување и правилата на струката, Договорниот орган има право да бара запирање на натамошното изведување на работите, односно, да бара промена на материјалите или употреба на материјали и опрема согласно договорените барања и услови. Ако на тој начин е доведена во прашање сигурноста на објектот, животите на луѓето или на соседните објекти, Договорниот орган има право да бара Носителот на набавката да ги урне изведените работи и работите повторно да ги изведе на свој трошок на начин што е договорен.

Член 56

Носителот на набавката е должен да даде докази за квалитетот на употребените материјали и опрема и на изведените работи и да му овозможи контрола на Договорниот орган.

Конечната оцена на квалитетот на изведените работи и на употребените материјали и опрема се врши при примопредавањето на изведените работи.

Ако контролата на Договорниот орган бара откривање на одделни работи или просечување отвори, Носителот на набавката е должен да го овозможи тоа.

Трошоците на контролата ги поднесува Договорниот орган. Трошоците на контролата го опфаќаат и откривањето на работите, просечувањето на отвори и поправки, односно, враќање на работите во состојба која се наоѓале пред извршената контрола.

По исклучок од став 4 на овој член, трошоците на контролата ги поднесува Носителот на набавката ако не му овозможи на Договорниот орган на време да ја изврши конторолата на изведените работи и на употребените материјали и опрема, па поради тоа при подоцнежната контрола настанале трошоци што инаку би ги немало.

Член 57

Сите наоди на контролата на Носителот на набавката и на контролата на Договорниот орган се запишуваат во градежниот дневник.

Во случај на несогласност на наодите на контролата на Носителот на набавката и на контролата на Договорниот орган, ќе се изврши заедничка дополнителна контрола. Трошоците на заедничката дополнителна контрола паѓаат на товар на договорната страна чиј наод не е потврден.

Член 58

Ако Носителот на набавката во текот на изведувањето на работите не постапи по основаното барање на Договорниот орган и не ги отстрани недостатоците на изведените работи,

Договорниот орган може да го раскине договорот и да бара од Носителот на набавката надомест на штета што настанала поради неквалитетно изведените работи и поради раскинувањето на договорот.

Ако Носителот на набавката не ги отстрани во примерениот рок од 10 дена недостатоците што се утврдени при техничкиот преглед и примопредавањето на изведените работи, Договорниот орган може, врз товар на Носителот на набавката отстранувањето на недостатоците да му го отстапи на трето лице. При тоа Договорниот орган е должен да постапува како добар стопанственик.[7]

XVI. НАДЗОР НАД ИЗГРАДБАТА

Член 59

Договорниот орган има право да врши надзор на работите на Носителот на набавката заради проверување и обезбедување на нивно уредно изведување, особено во поглед на видот, количеството и квалитетот на работите, на материјалните и опремата и на предвидените рокови.

Заради вршење на надзор над изградбата Договорниот орган има право на пристап на градилиштето, во работилниците, погоните и местата за складирање на материјалите.

Надзорот над изградбата го врши правно лице назначено од страна на Договорниот орган за вршење на надзор над изградбата и кое поседува лиценца за надзор.

При изградбата на градбата правното лице кое врши надзор може да определи повеќе надзорни инженери, при што одредува главен надзорен инженер кој ќе биде одговорен за меѓусебната усогласеност на надзорот над изградбата и за изготвување и доставување на завршниот извештај за извршениот надзор.

За правното лице што е определено да врши надзор на изградба и за неговите овластувања Договорниот орган го известува Носителот на набавката.

Член 60

Забелешките во поглед на начинот на изведувањето на работите, на употребениот материјал или на текот на изведувањето на работите Надзорот над изградбата е должен без одлагање да му ги соопшти на Носителот на набавката.

Сите забелешки и наоди од Надзорот над изградбата се соопштуваат во писмена форма или се запишуваат во градежниот дневник.

Член 61

Носителот на набавката е должен да постапи по сите основни барања од назначените надзорни инженери поднесени во врска со вршењето на стручниот надзор.

XVII. НАЧИН НА ПРИМОПРЕДАВАЊЕ НА ИЗВЕДЕНИТЕ РАБОТИ

Член 62

Договорниот орган и Носителот на набавката, по извршениот технички преглед со кој ќе се утврди дека градбата е изградена во согласност со основниот проект или со проектот на изведена состојба (доколку се извршени измени во текот на изградбата) односно по изготвениот Извештај за извршен технички преглед од страна на надзорниот инженер во кој се констатира дека

---

[7] *Примерниот рок за отстранување на недостатоците што се утврдени при техничкиот преглед се превзема од Тендерската документација.*

градбата може да се стави во употреба[8], се должни без одлагање да пристапат кон примопредавање на изведените работи и изготвување на конечна пресметка.

Член 63

Ако Договорниот орган започнал да го користи објектот пред примопредавањето, се смета дека примопредавањето е извршено со денот на почетокот на користењето.

Член 64

За примопредавањето се составува записник кој ги содржи особено следните податоци:

1) дали работите се изведени според договорот, основниот проект, прописите и правилата на структурата;

2) дали квалитетот на изведените работи му одговара на договорениот квалитет, односно, кои работи Носителот на набавката треба на свој трошок да ги доработи, поправи или повторно да ги изведе и во кој рок тоа треба да го стори;

3) за кои прашања од техничка природа не е постигната согласност помеѓу овластените претставници на договорачите;

4) констатација за примопредавањето на гарантните листови и атести за опремата и метријалите што се вградени;

5) датумот на завршувањето на работите и датум на извршеното примопредавање.

Член 65

Записникот за примопредавање може да го состави и само една договорна страна без учество на другата договорна страна ако истата неоправдано го одбие учеството во примопредавањето или неоправдано не се одзве на поканата да учествува во примопредавањето. Таквиот записник се доставува до другиот договарач. Со денот на доставувањето на записникот настануваат последиците во врска со примопредавањето.

Член 66

Ако во записникот за примопредавањето обострано се констатира дека Носителот на набавката треба на свој трошок да доработи, поправи или повторно да изведе одделни работи, Носителот на набавката е должен веднаш да пристапи кон изведување на тие работи.

Ако Носителот на набавката не ги изведе работите од став 1 на овој член во примереният рок, Договорниот орган може да ангажира друго лице да ги изведе на товар на Носителот на набавката .

XVIII. ОСИГУРУВАЊЕ

Член 67

Носителот на набавката е должен да ги осигура од несреќен случај или повреда сите лица кои ќе бидат ангажирани во изведување на работите.

Носителот на набавката ги осигурува работите од член 2 на овој Договор, како и материјалите и опремата кои треба да ги вгради од вообичаени ризици до нивната полна вредност.

Вообичаените ризици од став 1 на овој член се определуваат според сите околности на конкретниот случај што се од влијанието, а особено според видот на работите, местото на кое се изведуваат работите, видот и својствата на материјалите и опремата што се вградува.

Премијата на осигурувањето ја плаќа Носителот на набавката.

---

[8] *Да се адаптира во зависност од категорија на градба согласно Закон за градење*

Член 68

Ако Носителот на набавката пропушти да изврши осигурување, Договорниот орган може и сам, на сметка на Носителот на набавката да ги осигури изведените работи, материјали и опрема што тој ги набавил и му ги предал на Носителот на набавката.

XIX. ГАРАНТЕН ПЕРИОД

Член 69

Носителот на набавката гарантира дека изведените работи во времето на примопредавањето се во согласност со договорот, прописите и правилата на струката и дека немаат мани што ја оневозможуваат или ја намалуваат нивната вредност или нивната подобност за редовна употреба, односно, за употребата определена со договорот.

Член 70

Договорниот орган е должен за забележаните недостатоци да го извести Носителот на набавката без одлагање.

Член 71

Гарантниот рок за квалитетот на изведените работи изнесува 2 години, согласно прифатената понуда која е составен дел на договорот.[9]

Член 72

Гарантниот рок започнува да тече од денот на успешното примопредавање на објектот или на дел од објектот на кој се изведени работите и потпишување на записникот за примопредавање, а ако користењето на објектот или на дел од објектот започнало пред примопредавањето од почетокот на користењето.

Член 73

За опремата што ја вградува Носителот на набавката важи, во поглед на содржината и рокот, гаранцијата од производителот на опремата, со тоа што Носителот на набавката е должен сета документација за гаранциите на производителот на опремата, заедно со упаствата за употреба, да ги прибави и да му ги предаде на Договорниот орган.

Член 74

Носителот на набавката е должен во гарантниот рок, на барање на Договорниот орган, на свој трошок да ги отстрани сите недостатоци кои ќе се појават како последица на неквалитетно изведување на работите или неквалитетно вграден материјал и опрема, како и на други недостатоци кои ќе се појават по вина на Носителот на набавката.

Договорниот орган ќе му определи на Носителот на набавката примерен рок од 10 дена за отстранување на недостатокот.[10]

Договорниот орган има право и на надомест на штета по основ на став 1 и 2 на овој член.

Член 75

---

[9] *Должината на гарантниот период се превзема од понудата.*

[10] *Примереният рок за отстранување на недостатоците кои ќе се јават во гарантниот рок се превзема од Тендерската документација*

Ако Носителот на набавката не ги отстрани недостатоците во рокот што Договорниот орган ќе му го определи, Договорниот орган може да ги отстрани недостатоците на сметка на Носителот на набавката , со што е должен да постапува како добар стопанственик.

Член 76

Носителот на набавката не е должен да ги отстрани оние недостатоци што настанале како последица од нестручно ракување и употреба, односно не наменско користење на објектот или на делови од објектот.

XX. ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕДОСТАТОЦИТЕ

Член 77

Носителот на набавката одговара за недостатоците во изработката на градежот што се однесуваат на неговата солидност, доколку тие недостатоци би се покажале за време од 10 (десет) години од предавањето и приемот на работите.

Носителот на набавката одговара и за недостатоците на земјиштето на кое е подигнат градежот, што би се покажале за време од 10 (десет) години од предавањето и приемот на работите, освен ако специјализирана организација дала стручно мислење дека земјиштето е погодно за градење, а во текот на градењето не се појавиле околности кои ја доведуваат во сомневање основаноста на стручното мислење.

Истото важи и за проектантот ако недостатокот на градежот произлегува од некој недостаток во проектот.

Оваа нивна одговорност не може со договорот ниту да се исклучи, ниту да се ограничи.

Член 78

Договорниот орган е должен за недостатоците да ги извести Носителот на набавката и проектантот во рок од шест месеци од кога го установил недостатокот, инаку го губи правото да се повика на него.

Правото на Договорниот орган спрема Носителот на набавката, односно проектантот врз основа на нивната одговорност за недостатоците престанува за 1 (една) година, сметајќи од денот кога Договорниот орган, односно стекнувачот го известил проектантот, односно, Носителот на набавката за недостатокот.

Член 79

Носителот на набавката не се ослободува од одговорноста ако штетата настанала поради тоа што при изведувањето на определени работи постапувал според барањата на Договорниот орган.

Но, ако пред извршувањето на определена работа по барање на Договорниот орган го предупредил овој за опасноста од штетата, неговата одговорност се намалува, а според околностите на конкретниот случај може и да се исклучи.

Член 80

Кога за штетата се одговорни Носителот на набавката и проектантот, одговорноста на секој од нив се определува според големината на неговата вина.

Правното лице на кого му е доверено вршење на надзор над изградба на градбата, одговара и за недостатоците во извршените работи настанати по вина на Носителот на набавката ако можел да ги забележи со нормално и разумно надгледување на работите, но има право да бара од Носителот на набавката соодветен надомест.

Носителот на набавката што ја надоместил штетата настаната поради недостаток во извршените работи, има право да бара надомест од проектантот во мерка во која недостатоците во извршените работи произлегуваат од недостатоците во проектот.

Кога за недостатокот е одговорно лице на кое Носителот на набавката му доверил извршување на еден дел од работата, Носителот на набавката ако сака од него да бара надомест, мора да го извести за постоењето на надоместокот во рок од 2 (два) месеца, сметајќи од денот кога тој самиот е известен од Договорниот орган за истиот недостаток.

XXI. ПРАВО НА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

Член 81

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој Договор.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.

За штетата поради задоцнување со исполнувањето одговара договорната страна на која другата договорна страна и дала примерен дополнителен рок за исполнување.

Договорната страна одговара и за делумната или целосната невозможност за исполнување иако не ја криела таа невозможност ако настапила по нејзино доаѓање во задоцнување за кое одговара.

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека она што е предмет на обврската случајно би пропаднало и кога таа својата обврска би ја исполнил на време.

Член 82

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

Член 83

Одговорноста на договорената страна за намерата или крајното невнимание не може однапред со договор да се исклучи.

Судот може, по барање од заинтересираната договорна страна, да ја поништи и договорната одредба за исклучување на одговорноста за обично не внимание, ако таквата спогодба произлегува од монополската положба на договорната страна или воопшто од нерамноправниот однос на договорните страни.

Член 84

Договорната страна има право на надомест на обичната штета и испуштената корист, кои другата договорна страна морала да ги предвиди во време на склучувањето на договорот како можни последици од повреда на договорот, со оглед на фактите што тогаш и биле познати или морале да бидат познати.

Во случај на измама или намерно неисполнување, како и неиполнување поради крајно невнимание, договорната страна има право да бара од другата договорна страна надомест на целокупната штета што настанала поради повреда на договорот, без оглед на тоа што другата страна не знаела за посебните околности поради кои настанале тие.

Ако при повреда на обврската, покрај штетата, за договорната страна настанала и некоја добивка, при определувањето на висината на надоместот за неа ќе се води сметка со разумна мера.

Страната што се повикува на повреда на договорот е должна да ги преземе сите разумни мери за да се намали штетата предизвикана од таа повреда, инаку другата страна може да бара намалување на надоместот.

Член 85

Договорната страна која е должна да ја извести другата страна за фактите што се од влијание врз нивниот меѓусебен однос, одговара за штетата што ќе ја претрпи другата страна поради тоа што не била известена на време.

XXII. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 86

Договорниот орган ќе го раскине овој договор за јавна набавка за време на неговата важност доколку:

а) договорот е значително изменет, што резултира со обврска за спроведување нова постапка за јавна набавка;

б) Носителот на набавката се наоѓал во една од ситуациите поради кои договорниот орган морал да го исклучи од постапката за јавни набавки, но за овој факт не бил запознаен во текот на постапката или

в) договорот не требало да му се додели на носителот на набавка поради сериозни повреди на овој закон кои со правосилна судска пресуда ги утврдува надлежниот суд.

Член 87

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.

Член 88

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, мора да му остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

Член 89

Една од договорните страни може да го раскине договорот и без да и остави на другата договорна страна, дополнителен рок за исполнување, ако од нејзиното однесување произлегува дека таа нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

Член 90

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штета.

Член 91

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е за тоа без одлагање писмено да ја извести другата договорна страна со приложување на писмена изјава за раскин на договорот.

Договорот ќе се смета за раскинат по приемот на писменото известување од ставот 1 на овој член.

Член 92

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

Член 93

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуална штета.

Член 94

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било неспроведливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

Ако изрече раскинување на договорот судот, на барање од другата страна, ќе ја обврзе страната што го барала да и надомести на другата страна справедлив дел од штетата што ја трпи поради тоа.

Член 95

Страната што е овластена да бара поради променетите околности раскинување на договорот е должна за својата намера да бара раскинување на договорот, да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не и било соопштено на време.

XXIII. ВИША СИЛА

Член 96

Кога исполнувањето на обврската на едната договорна страна во Договорот, станало невозможно поради вонреден настан, кој се случил по склучувањето на договорот, а пред пристигнувањето на обврската, што во времето на склучувањето на договорот не можел да се предвиди ниту договорната страна можела да го спречи, избегне или отстрани и за кој не одговара ни едната ни другата страна (виша сила), обврската на другата страна се гасне, а ако оваа целосно или делумно ја исполнила својата обврска, може да бара тоа да и се врати според

правилата за стекнување без основ.

Во случај на делумна невозможност за исполнување поради настан за кој не е одговорна ни едната ни другата договорна страна, другата страна може да го раскине договорот ако делумното исполнување не им одговара на нејзините потреби, инаку договорот останува во сила, а другата страна има право да бара сразмерно намалување на својата обврска.

Договорните страни која е спречена заради Виша сила да ја исполни обврската која произлегува од овој Договор, должна е во рок од 20 дена писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

XIV. ДОГОВОР ЗА ГРАДЕЊЕ СО ПОСЕБНА ОДРЕДБА

Член 97

Ако договорот за градење ја содржи одредбата „клуч во раце" или некоја друга слична одредба, Носителот на набавката самостојно се обврзува да ги изврши збирно сите работи потребни за изградба и употреба на опрделен целосен објект.

Договорената цена во случајот од став (1) на овој член ја опфаќа и вредноста на сите непредвидени работи и на вишоците на работите, а го исклучува влијанието на недостатоците на работите врз договорената цена.

Ако во договорот „клуч во раце" како договорна страна – носител на набавката се јавува група на понудувачи, нивната одговорност спрема Договорниот орган е солидарна.

XXV. КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 98

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

XXVI. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 99

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

XXVII. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 100

Сите спорови кои ќе произлезат од овој договор или во врска со него, ќе се решаваат пред надлежниот суд.

XXVIII. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 101

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено и во согласност со член 119 од Законот за јавните набавки, тендерската документација и Законот за облигационите односи.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување должна е своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Анекс за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 102

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по два примерока и влегува во сила со денот на неговото потпишување од страна на овластените лица на договорните страни.

Член 103

Составни делови на овој Договор се :

а) Тендерска документација

б) Основен проект односно проектна документација со сите графички прилози, предмер и технички описи како и елаборати потребни за изведување на работите што се предмет на договорот;

в) Понудата на Носителот на набавката

г) Предмер-пресметка и

д) Динамичниот план на работите кој е временска програма за изведување на работите.

Член 104

Овој Договор со сите документи во прилог претставуваат една целина и во случај на каква била неусогласеност или противречност во рамките на договорните документи, документите се применуваат според следниов редослед:

- овој договор
- тендерската документација
- понудата на Носителот на набавката

Општина Арачиново
Градоначалник
Ridvan Ibraimi

Договорен орган

ЕЛИН-БИЛД КОМПАНИ ДООЕЛ
Управител
Шабан Абазовски

Носител на набавката